**Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 30.05.2023 година и одговори дадени од страна на Друштвото**

**I. По точката 1 од Дневниот ред –** Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2022 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"

**Прашање:** Зошто во Годишната сметка на Друштвото за 2022 расходот е многу голем и нереален?

**Одговор:** 2022 година беше една од најпредизвикувачките години од гледна точка на економско опкружување, притисоци во однос на инфлација и енергетски притисоци. Во вакви услови Компанијата остварила едни од најдобрите резултати во групацијата на Дојче Телеком. Компанијата има достигнато највисока ебитда маргина од 40%, во едно конкурентно опкружување, има остварено раст на приход поголеми од 5%. Тоа се спектакуларни резултати и истото е признаено во групацијата на Дојче Телеком. По однос на расходите, инфлациските притисоци, енергетските притисоци, има за 7.000.000 евра покачени трошоци за енергија како резултат на енергетската криза. И во вакви услови Компанијата успева да одржи износ на дивиденда по акција од околу 19 денари.

**II. По точката 5 од Дневниот ред** - Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2022 година

**Прашање:** Кој е износот на нето дивиденда по акција?

**Одговор:** Во акционерската структура има физички и правни лица и како Друштво само се објавува бруто дивидендата и во зависност од видот на акционерот се разликуваат применливите давачки (за физички лица има персонален данок на добивка,за странски акционери има данок на задршка).

**III. По точката 7 од Дневниот ред-** Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година

**Прашање:** Зошто нема извештај за работотата на членовите на Одборот на директори?

**Одговор:** Во Годишниот извешај на Друштвото, има дел кој се однесува на работењето на членовите на Одборот на директори. Исто така, работењето на Одборот на директори се цени според финансиските извештаи на Друштвото.